**389.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 февруари 2007 година.

Бр. 07-851/1 Претседател
21 февруари 2007 година на Република Македонија,
Скопје **Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Љубиша Георгиевски,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВОЗДУХОПЛОВСТВО

Член 1

Во Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" број 14/2006), во членот 2 став (1) зборовите: "услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација", а зборовите: "и обезбедува" се бришат.

Член 2

Во членот 4 точката 8 се менува и гласи:

"8. "Водач на воздухоплов" е пилот назначен од операторот, или од сопственикот, кој е одговорен за безбедно оперирање со воздухопловот за време на вршење на летот;".

Точката 29 се менува и гласи:

"29. "Зборник на воздухопловни информации на Република Македонија (Aeronautical Information Publication-AIP)" е публикација која содржи воздухопловни информации од траен карактер, есенцијални за воздушниот сообраќај, а која е изготвена од давателот на услугата на воздухопловната навигација и е одобрена од Агенцијата;".

Точката 37 се менува и гласи:

"37. "Јавен воздушен превоз" е комерцијален редовен и/или нередовен превоз на патници, багаж, стока (карго и/или опасни материи), пошта или предмети од едно место на друго во домашниот, односно меѓународниот воздушен сообраќај;".

Точката 45 се менува и гласи:

"45. "Нередовен јавен воздушен превоз" е секој воздушен превоз кој не е редовен јавен воздушен превоз;".

Во точката 53 по зборовите: "висина на одлука" текстот во заградата се менува и гласи: "(DA/H)", а по зборовите: "висина на снижување" текстот во заградата се менува и гласи: "(MDA/H)".

Во точката 55 по зборот "корисник" се додаваат зборовите: "на инфраструктура".

Во точката 58 став 2 потточка з) зборовите: "и работи во врска со регулирање и обезбедување на оптимален проток на воздушниот сообраќај и издавање на одобренија за генерална авијација и прелети" се бришат.

Потточката ж) се менува и гласи:

"ж) персонал за поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација (ATSEP),".

По потточката ѕ) се додава нова потточка и), која гласи:

"и) персонал за регулирање и обезбедување на оптимален проток на воздушниот сообраќај,".

Во ставот 3 на крајот на текстот точката и запирката се заменува со точка и се додаваат зборовите: "Во друг стручен персонал спаѓаат: професионални пожарникари, лица за опслужување на воздухоплови со гориво и мазиво, медицински лица, лица за обезбедување од дејствија на незаконско постапување, како и лица кои ја одржуваат аеродромската инфраструктура, односно маневарските површини, објектите и инсталациите на аеродром од значење на безбедноста на воздушниот сообраќај;".

Точката 77 се брише.

Во точката 80 зборовите: "Услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "Услуги на воздухопловна навигација".

Потточката г) се менува и гласи:

"г) поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација (CNS Services);".

По точката 81 се додаваат две нови точки 82 и 83, кои гласат:

"82. ECIP - Европски план за меѓусебно приближување и имплементација (ECIP European Converegence Implementation Plan) и

83. "Аеродромска инфраструктура" се полетно слетни патеки, патеки за возење, пристанишни платформи, инсталации за вертикална сигнализација и терминална зграда со придружни објекти и инсталации."

Член 3

Во членот 7 став (3) алинејата 4 се менува и гласи:

"- одобрува Зборник на воздухопловни информации,".

Алинејата 5 се менува и гласи:

"- водење на управна постапка за издавање, продолжување, обновување, промена, суспендирање и повлекување на дозволи, овластувања, уверенија, одобренија и други писмена утврдени со овој закон,".

Член 4

Во членот 9 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:

"- донесува внатрешни процедури и упатства за работа,".

Во алинејата 3 точката се брише и се додаваат зборовите: "кога затоа постои основ согласно со подзаконскиот акт донесен врз основа на овој закон".

По алинејата 3 се додава нова алинеја 4, која гласи:

"- доставува финансиска програма/план за работа на Агенцијата за секоја наредна година до Владата на Република Македонија."

Член 5

Во членот 12 став (1) алинеја 1 зборовите: "услугите во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација".

Во алинејата 5 зборовите: "обезбедување на пристанишната платформа и зграда со придружни објекти и" се заменуваат со зборовите: "обезбедување од дејствија на незаконско постапување".

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

"- дел од надоместоците за користење на аеродромската инфраструктура (аеродромска такса) и".

Алинејата 6 станува алинеја 7.

Во ставот (3) по бројот "5" се додава бројот "и 6", а зборовите: "обезбедување на пристанишната платформа и зграда со придружни објекти" се заменуваат со зборовите: "обезбедување од дејствија на незаконско постапување и од надоместоците за користење на аеродромската инфраструктура (аеродромска такса)".

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Висината на надоместокот за добивање на одобренија и согласности од ставот (1) алинеја 2 на овој член ја пропишува Владата на Република Македонија."

Ставот (4) станува став (5).

Член 6

Во членот 14 точка 7 зборовите: "услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација".

Член 7

Во членот 23 став (1) зборовите: "услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација".

Член 8

Во членот 25 ставот (3) се менува и гласи:

"По исклучок на одредбата од ставот (1) на овој член во случај на опасност или неповолни метеоролошки услови, хуманитарни акции, акции за заштита на луѓето и материјалните добра, поради пожар, град и слично и заради експедитивност на воздушниот сообраќај, надлежната контрола може да одобри влегување, односно излегување на воздухоплов и надвор од граничниот коридор, како и да изврши и одобри измена на рутата на летот на воздухопловот."

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Надлежната контрола на летање е должна во случај на влегување, односно излегување на воздухоплов за којшто не постои најава и одобрение за лет веднаш да ги извести Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи."

Член 9

Во членот 28 став (2) зборовите: "како и за летање по воздушни патишта определени за домашен воздушен сообраќај или надвор од воздушните патишта" се бришат.

Член 10

Во членот 29 ставот (2) се брише.

Член 11

Членот 33 се менува и гласи:

"(1) Заради безбедност и уредност на јавниот воздушен превоз, правното лице што врши јавен воздушен превоз (во натамошниот текст: превозник), треба да има потребен персонал, воздухоплови, опрема, како и да исполнува други посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење. Начинот на вршење на јавен воздушен превоз, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, воздухопловите, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење ги пропишува Владата на Република Македонија.

(2) На превозникот кој ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата му издава, продолжува или обновува уверение за работа. Уверението за работа не дава права за пристап до специфични рути и пазари.

(3) Агенцијата нема да издаде, продолжи или обнови уверение за работа или да дозволи да биде во важност доколку условите од ставот (1) на овој член не се исполнети, за што донесува решение.

(4) На превозникот кој ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го суспендира уверението за работа за период кој не може да биде подолг од 60 дена. Ако превозникот во определениот рок не ги исполни условите, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение.

(5) На превозникот основан во земја членка на Европската заедничка воздухопловна област нема да му се дозволи на територијата на Република Македонија, да врши јавен воздушен превоз за надомест, доколку не поседува соодветно уверение за работа (Operating licence) издадено од соодветната земја членка.

(6) Уверението за работа е во важност се додека превозникот ги исполнува условите од ставот (1) на овој член. Агенцијата може да направи ревизија на исполнетоста на условите од ставот (1) на овој член, една година по одобрувањето на уверението за работа, а потоа на секои пет години.

(7) Кога превозникот ќе престане да работи шест месеца или нема да започне со работа шест месеца по одобрувањето на уверението за работа, е должен повторно да поднесе барање за добивање уверение за работа до Агенцијата.

(8) Во случај на промена на еден или повеќе елементи кои влијаат на правниот статус во превозникот (преземање, спојување или поделба), тој е должен уверението за работа повторно да го поднесе на одобрување.

(9) Уверението за исполнување на безбедносни услови за вршење на јавен воздушен превоз (Air Operator Cerificate-AOC) е исправа која му се издава на правно лице, во постапка за издавање на Уверение за работа за вршење на јавен воздушен превоз, со која се потврдува дека правното лице поседува професионална способност и организациона поставеност кој гарантира безбедно летање на воздухопловот/те вклучен/и во воздухопловни активности наведени во уверението.

(10) Издавањето, продолжувањето, обновувањето и постојаната важност на уверението за работа (Operating licence) мора во секое време да зависат од поседување на важечко уверение за исполнување на безбедносните услови (Air Operator Cerificate-AOC) кое е во согласност со активностите наведени во уверението за работа.

(11) Формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање, продолжување, обновување и промена на уверенијата од ставовите (2) и (9) на овој член ги пропишува Агенцијата."

Член 12

Членовите 39, 40 и 41 се бришат.

Член 13

Во членот 42 став (1) зборовите: "ги исполнува условите" се заменуваат со зборовите: "има воздухоплови, опрема и ги исполнува другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење".

Ставот (4) се менува и гласи:

"На правното односно физичкото лице кое ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го суспендира уверението за работа за период кој не може да биде подолг од 60 дена. Ако правното, односно физичкото лице во определениот рок не ги исполни условите, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение."

Во ставот (5) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата", по зборот "издавање" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборот "продолжување" се додаваат зборовите: "обновување и промена".

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

"(6) Начинот на вршење на превоз за сопствени потреби, како и посебните услови во однос на воздухопловите, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, ги пропишува Агенцијата."

Член 14

Во членот 43 став (1) зборовите: "ги исполнува условите" се заменуваат со зборовите: "има воздухоплови, опрема, како и ги исполнува другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење".

Ставот (4) се менува и гласи:

"На правното, односно физичкото лице кое ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го суспендира уверението за работа за период кој не може да биде подолг од 60 дена. Ако правното, односно физичкото лице во определениот рок не ги исполни условите, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение."

Во ставот (5) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата", а по зборот "издавање" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборот "продолжување" се додаваат зборовите: "обновување и промена".

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

"(6) Начинот на вршење на специјализирани услуги со воздухоплов, како и посебните услови во однос на воздухопловите, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, ги пропишува Агенцијата."

Член 15

Во членот 44 став (1) зборовите: "ги исполнува условите" се заменуваат со зборовите: "има воздухоплови, опрема, како и ги исполнува другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење".

Ставот (4) се менува и гласи:

"На правното лице кое ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го суспендира уверението за работа за период кој не може да биде подолг од 60 дена. Ако правното лице во определениот рок не ги исполни условите, Агенцијата ќе му го одземе уверението за работа, за што донесува решение."

Во ставот (5) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата", а по зборот "издавање" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборот "продолжување" се додаваат зборовите: "обновување и промена".

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

"(6) Начинот на вршење на воздухопловно-спортски дејности, како и посебните услови во однос на воздухопловите, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење ги пропишува Агенцијата."

Ставот (6) станува став (7).

Член 16

Членот 45 се брише.

Член 17

Во членот 46 став (1) по зборот "промена" се додава зборот "обновување".

Член 18

Во членот 49 став (1) точката 4 се менува и гласи:

"4) дозвола на член на екипаж за летање - (Flight Crew License) и".

Член 19

Членот 53 се менува и гласи:

"(1) Услугите на воздухопловната навигација се даваат во воздухопловно информативниот регион со цел безбедно, редовно и ефикасно вршење на воздушниот сообраќај.

(2) Услугите на воздухопловната навигација се даваат врз ексклузивна основа од страна на дезигнираниот давател на услуги определен со овој закон кој мора да добие уверение за оспособеност за давање на услуги на воздухопловна навигација.

(3) За добивање на уверение за оспособеност за давање на услугите на воздухопловна навигација давателот на услугите треба да има потребен персонал, опрема, како и да исполнува други посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење.

(4) Агенцијата го издава уверението за оспособеност за давање на услугите на воздухопловна навигација со рок на важење две години.

(5) Формата, содржината и начинот на издавање, продолжување, обновување, промена и суспендирање на уверението за оспособеност ги пропишува Агенцијата.

(6) Владата на Република Македонија во зависност од реалните трошоци ја пропишува висината на надоместокот за издавање, продолжување, промена и обновување на уверението од ставот (2) на овој член.

(7) Начинот на давањето на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење ги пропишува Владата на Република Македонија.

(8) Владата на Република Македонија ги пропишува начинот, постапките и условите при давање на услугите во воздушниот сообраќај за оперативните летови на државните воздухоплови според потребите на надлежните министерства, и тоа:

- Министерството за внатрешни работи за полициските воздухоплови,
- Министерството за одбрана за воените воздухоплови и
- Министерството за финансии за царинските воздухоплови."

Член 20

Членот 54 се брише.

Член 21

Во членот 55 зборовите: "услугите во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација".

Член 22

Во членот 56 став (1) зборовите: "услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација".

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Сите приходи од давањето на услуги во воздухопловна навигација се уплаќаат во Буџетот на Република Македонија кај Агенцијата за цивилно воздухопловство на сметка 787 - приходи од самофинансирачки активности, а финансирањето на давателот на услуги во воздухопловна навигација се врши од Буџетот на Агенцијата за цивилно воздухопловство како трансфер до давателот на услуги на воздухопловна навигација на сметка отворена во деловната банка чиј годишен финансиски план за намената на средствата го одобрува Владата на Република Македонија на предлог на Агенцијата и давателот на услуги во тековната година за наредната фискална година при што изработка на финансискиот план, временски мора да биде усогласен со роковите за изработка и усогласување на Буџетот на Република Македонија."

Во ставот (2) кој станува став (3) по зборот "наплата" се додаваат зборовите: "и распределување".

Во ставот (3) кој станува став (4) по алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

"- во случаи определени со меѓународни договори или документи кои ги прифатила Република Македонија."

Член 23

Членот 59 се менува и гласи:

"(1) Техничките средства, опремата, уредите и објектите за давање на услуги на воздухопловна навигација се сите оперативни технички средства кои со својата работа и функција се потребни за овозможување на

безбедно и уредно давање на услуги на воздухопловна навигација или се на располагање за користење од страна на учесниците во воздушниот сообраќај.

(2) Техничките средства, опремата, уредите и објектите од ставот (1) на овој член се набавуваат, поставуваат и одржуваат на начин и во состојба која овозможува сигурен и редовен воздушен сообраќај.

(3) Податоците за техничките средства, опремата, уредите и објектите за давање на услуги на воздухопловна навигација се објавуваат на начин вообичаен за воздушниот сообраќај. Дефектот или престанувањето со работа на определено техничко средство, опрема или уред за давање на услуги на воздухопловна навигација, веднаш се објавуваат на начин вообичаен за воздушниот сообраќај , а нивните причини треба да се отстранат во што пократок рок.

(4) Техничките средства, опремата, уредите и објектите за давање на услуги на воздухопловната навигација мора да бидат заштитени од оштетување или уништување.

(5) Препреки, емисиони уреди, објекти, далноводи или други уреди што емитираат електромагнетни бранови не смее да се поставуваат на оддалеченост од која со својата работа можат да ја попречат работата на техничките средства и уредите за давање на услугите на воздухопловната навигација.

(6) Правните лица што даваат телекомуникациски и поштенско-телеграфски услуги се должни да обезбедат приоритет во врските неопходни за давање на услугите на воздухопловната навигација.

(7) Начинот на поставување, одржување и заштита на техничките средства, уреди и опрема од ставот (1) на овој член, ги пропишува Агенцијата."

Член 24

По членот 59 се додаваат два нови члена 59-а и 59-б, кои гласат:

"Член 59-а

(1) Правилата и условите за заемна оперативност на системите, нивните составни делови и поврзаните процедури за давање на услугите на воздухопловна навигација со европската АТМ мрежа ги пропишува Владата на Република Македонија.

(2) Доколку Агенцијата утврди дека системите или нивните составни делови не се во согласност со правилата и условите за интероперабилност од ставот (1) на овој член, треба да преземе потребни мерки за ограничување на областа на нивна применливост или да ја забрани нивната употреба под услов да осигура безбедност и континуитет на операциите.

Член 59-б

Агенцијата, по претходна согласност на давателот на услуги на воздухопловна навигација, го пропишува начинот на исполнување на сите PAN европски задачи и цели утврдени со ECIP на EUROCONTROL."

Член 25

Во членот 60 ставови (1) и (4) зборовите: "услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација".

Во ставот (4) бројот "54" се заменува со бројот "53".

Член 26

По членот 60 се додаваат шест нови члена 60-а, 60-б, 60-в, 60-г, 60-д и 60-ѓ, кои гласат:

"Член 60-а

(1) Предметот на работењето на давателот на услугите на воздухопловна навигација опфаќа:

1) давање на услуги на воздухопловна навигација (ANS - Air Navigation Services) каде што влегуваат:

1.1) АТМ услуги (Air Traffic Management) кои опфаќаат:

а) АТС услуги (ATS-Air Traffic Services), и тоа:

- контрола на летање (ATC-Air Traffic Control) се дава на воздухопловите преку издавање на одобренија и инструкции на надлежната контрола на летање за да овозможи безбеден, редовен и брз проток на воздушниот сообраќај,

- информирање во лет (FIS-Flight Information Service) се дава преку издавање на информации значајни за безбедно одвивање на воздушниот сообраќај,

- водење на евиденција за наплата на надоместоци од прелети и

- тревожење (ALRT-Alerting Service) се дава за воздухоплов кој има потреба од потрага и спасување преку известување и координирање на надлежните субјекти;

б) регулирање на протокот на воздушен сообраќај (ATFM-Air Traffic Flow Management) се дава за да овозможи максимално искористување на капацитетот на контролата на летање и обемот на сообраќајот и

в) организација на воздушниот простор (ASM-AirSpace Management) се дава за да обезбеди максимално и флексибилно искористување на воздушниот простор за сите корисници;

1.2) услуги на воздухопловно информирање (AIS - Aeronautical Information Service) опфаќа собирање, обработка и дистрибуција на воздухопловните информации, итни известувања, воздухопловен информативен циркулар, воздухопловни карти и постапки и процедури за летање;

1.3) метеоролошките услуги кои опфаќаат собирање, обработка и дистрибуција на метеоролошки информации, метеоролошка прогноза, метеоролошки известувања и метеоролошки предупредувања и

1.4) поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата, за давање на услуги на воздухопловна навигација (CNS Services) и

2) обука на ANS персонал.

Член 60-б

Давателот на услуги на воздухопловна навигација се финансира од:

- надоместокот остварен по основ давање на услугите на воздухопловна навигација,

- надоместок за обука на ANS персонал и

- даноци, заеми, кредити и друга финансиска и техничка помош.

Член 60-в

(1) Давателот на услуги на воздухопловна навигација управува со техничките средства, уредите, опремата и објектите за давање на услуги на воздухопловна навигација, како и со нив поврзаното земјиште.

(2) Давателот на услуги на воздухопловна навигација мора да ги осигура од оштетување или уништување техничките средства, уредите и опремата за давање на услуги на воздухопловна навигација.

Член 60-г

(1) Давателот на услуги на воздухопловна навигација изготвува и донесува програма за давање на услуги на воздухопловна навигација која опфаќа развој на човековите ресурси, техничко-технолошката сообразност на техничките средства, уредите, опремата и објектите за давање на услуги на воздухопловна навигација во согласност со меѓународните стандарди, висината на приходите, а се со цел за обезбедување на безбеден редовен и непречен воздушен сообраќај.

(2) Програмата од ставот (1) на овој член, заедно со годишниот финансиски план кој содржи податоци за планирани приходи и расходи за наредната година, ревизорски и финансиски извештај за минатата година, како и предвидени капитални и оперативни расходи за наредната година, а изготвени во тековната година, ја одобрува Владата на Република Македонија.

(3) Давателот на услуги на воздухопловната навигација еднаш годишно доставува до Владата на Република Македонија извештај за деловните резултати.

Член 60-д

(1) Давателот на услуги на воздухопловната навигација мора да биде осигуран за штета причинета на трети лица до висина која ја утврдува Владата на Република Македонија.

(2) Давателот на услуги на воздухопловната навигација треба да обезбеди систем на препознавање, процена и намалување на ризиците кои се присутни при давањето на услуги на воздухопловна навигација во согласност со прифатените меѓународни стандарди.

Член 60-ѓ

(1) Персоналот кој дава услуги на воздухопловна навигација за време на штрајк мора да обезбеди безбеден воздушен сообраќај во согласност со овој закон, другите прописи кои го регулираат штрајкот и со колективниот договор.

(2) Персоналот од ставот (1) на овој член за време на штрајк мора да обезбеди

- летови на воздухоплови кои учествуваат во акција на трагање и спасување,
- хуманитарни и здравствени летови и
- летови на државните воздухоплови и оперативните летови кои имаат безбедносен карактер."

Член 27

Во членот 70 став (1) алинеја 3 по зборот "објекти" се додаваат зборовите: "(аеродромска такса)".

Во ставот (3) по зборовите: "операторот на аеродром" запирката се заменува со точка, а останатиот текст се брише.

Во ставот (4) се додава нова алинеја, која гласи:

"- во случаи определени со меѓународни договори или документи кои ги прифатила Република Македонија;".

Член 28

Во членот 73 ставот (3) се менува и гласи:

"На аеродромот, односно леталиштето кое ќе престане да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член, Агенцијата ќе му го суспендира уверението за период кој не може да биде подолг од 60 дена. Ако аеродромот, односно леталиштето во определениот рок не ги исполни условите, Агенцијата ќе му го одземе уверението, за што донесува решение."

Во ставот (4) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата", по зборот "издавање" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборот "продолжување" се додаваат зборовите: "обновување, промена и пренос".

Во ставот (5) по зборот "промена" се додава зборот "обновување".

Член 29

Во членот 79 став (1) по зборот "аеродромот" текстот се менува и гласи: "операторот на аеродромот ги користи, одржува и контролира на начин што го пропишува Агенцијата".

Член 30

Во членот 84 став (1) по зборовите: "Република Македонија" се додаваат зборовите: "и правилата за начинот на вршење на работите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување".

Член 31

Во членот 85 став (1) по зборовите: "домашните превозници" се додаваат зборовите: "давателите на аеродромски услуги".

Член 32

Во членот 86 ставови (2) и (5) по зборот "превозници" се додаваат зборовите: "давателите на аеродромски услуги", а во ставот (5) зборот "домашните" се брише.

Во ставот (4) зборовите: "националните комитети" се заменуваат со зборот "Агенцијата", а зборот "тренинг" се заменува со зборот "обука".

Член 33

Во членот 88 став (2) алинеја 7 на крајот на текстот точката се брише и се додаваат зборовите: "и меѓународните договори што ги ратификувала Република Македонија".

По алинејата 7 се додава нова алинеја 8, која гласи:

"- висината на надоместокот за користење на аеродромската инфраструктура и за користење на аеродромските услуги."

Член 34

Во членот 96 став (3) бројот "92" се заменува со бројот "95".

Член 35

Во членот 98 став (2) по зборот "издавање" се додаваат зборовите: "и промена".

Во ставот (3) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата".

Член 36

Во членот 113 став (1) зборовите: "Министерството за транспорт и врски" се заменуваат со зборот "Агенцијата".

Во ставот (3) по зборот "издавање" се додаваат зборовите: "продолжување, обновување и промена".

Во ставот (4) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата", по зборот "издавање" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборот "продолжување" се додаваат зборовите: "обновување и промена".

Член 37

Во членот 117 став (1) по зборот "пропишани" се додаваат зборовите: "од Агенцијата", а текстот до крајот на ставот се брише.

Во ставот (2) точката на крајот на ставот се брише и се додаваат зборовите: "како и да ги исполнува другите посебни услови".

Ставот (3) се менува и гласи:

"Посебните услови во поглед на персоналот, опремата, објектите и другите посебни услови што треба да ги исполнува правното лице од ставот (2) на овој член ги пропишува Агенцијата."

Член 38

Во членот 118 ставови (2), (3) и (4) зборовите: "уверение за сообразност" се заменуваат со зборовите: "уверение за тип".

Во ставот (4) по зборот "издавање" се додаваат зборовите: "продолжување, обновување и промена".

Во ставот (6) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата", по зборот "издавање" сврзникот "и" се заменува со запирка, а по зборот "продолжување" се додаваат зборовите: "обновување и промена".

Член 39

Во членот 121 став (4) по зборот "издавање" се додаваат зборовите: "продолжување, обновување и промена".

Во ставот (5) по зборот “содржина” се додава зборот “евиденцијата”, а по зборот “издавање” сврзникот “и” се заменува со запирка, а по зборот “продолжување” се додаваат зборовите: “обновување и промена”.

Член 40

Во членот 122 став (1) по зборот “кое” текстот на крајот на ставот се менува и гласи: “има потребен персонал, опрема, како и ги исполнува другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење”.

Во ставот (3) по зборот “издавање” се додаваат зборовите: “продолжување, обновување и промена”.

Во ставот (6) по зборот “содржината” се додава зборот “евиденцијата”, а по зборот “издавање” сврзникот “и” се заменува со запирка, а по зборот “продолжување” се додаваат зборовите: “обновување и промена”.

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

“(7) Начинот на одржување, техничката контрола на одржување и изработка на техничко-технолошка документација за одржувањето и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење ги пропишува Агенцијата.”

Член 41

Во членот 124 став (5) по зборот “издавање” се додаваат зборовите: “продолжување, обновување и промена”.

Во ставот (6) по зборот “содржината” се додава зборот “евиденцијата”, а по зборот “издавање” сврзникот “и” се заменува со запирка, а по зборот “продолжување” се додаваат зборовите: “обновување и промена”.

Член 42

Во членот 131 став (1) зборовите: “запре од извршување” се заменуваат со зборот “суспендира”.

Во ставот (4) зборовите: “уверение за сообразност” се заменуваат со зборовите: “уверение за тип”.

Во ставот (5) зборовите: “чија што оцена на сообразност е призната” се заменуваат со зборовите: “чие што уверение за тип е признато”, а зборот “која” се заменува со зборот “кој”.

Член 43

Во членот 132 став (2) зборовите: “запре од извршување” се заменуваат со зборовите: “се суспендира”, а точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “или од воздухопловните власти на државата која ја извршила оцената за сообразност (Mandatory Continuing Airworthiness Information)”.

Член 44

Во членот 133 став (2) по зборот “издавање” се додаваат зборовите: “продолжување, обновување и промена”.

Во ставот (5) по зборот “содржината” се додава зборот “евиденцијата”, а по зборот “издавање” сврзникот “и” се заменува со запирка, а по зборот “продолжување” се додаваат зборовите: “обновување и промена”.

Член 45

Во членот 134 став (1) по зборот “дозвола” се додаваат зборовите: “согласно со прифатените меѓународни стандарди и препорачани практики”, а по зборот “овластување” се додаваат зборовите: “или уверение за стручна оспособеност”.

Член 46

Во членот 136 став (2) по зборот “кои” текстот до крајот на ставот се менува и гласи: “имаат потребен кадар за обука, опрема, како и ги исполнуваат другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење”.

Во ставот (6) по зборот “издавање” се додаваат зборовите: “продолжување, обновување и промена”.

Во ставот (7) по зборот “содржината” се додава зборот “евиденцијата”, а по зборот “издавање” сврзникот “и” се заменува со запирка, а по зборот “продолжување” се додаваат зборовите: “обновување и промена”.

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

“(8) Начинот на вршење на обука за стекнување на стручна оспособеност, како и посебните услови во однос на потребниот кадар за обука, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење ги пропишува Агенцијата.”

Член 47

Во членот 137 ставот (2) се менува и гласи:

“Испитот го спроведуваат овластени испитувачи од листата на воздухопловни стручњаци.”

Член 48

Во членот 139 ставот (2) се менува и гласи:

“Условите за стекнување на дозволи, начинот на издавање, продолжување, промена и суспендирање, како и формата, содржината, рокот на важење согласно со меѓународните стандарди, регулативи, упатства и препорачани практики од членот 3 на овој закон, евиденција на дозволите и видот на дозволите ги пропишува Агенцијата.”

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) Условите за стекнување на уверенија за стручна оспособеност, континуираното обновување на стекнатото знаење на имателите на уверенијата, начинот на издавање и суспендирање, евиденција и видот на уверенијата за стручна оспособеност ги пропишува Агенцијата.”

Член 49

Во членот 143 ставови (1) точки 2, 3 и 4, (2), (3), (4) и (5) по зборот “дозволата” се додаваат зборовите: “или уверението за стручна оспособеност”.

Во ставот (1) по точката 4 се додава нова точка 5, која гласи:

“5) бил инволвиран во сериозен инцидент или несреќа се до расчистување на околностите кои довеле до сериозен инцидент или несреќа.”

Во ставот (3) по бројот “3” сврзникот “и” се заменува со запирка, а по бројот “4” се додава бројот “и 5”.

Член 50

Во членот 145 став (2) зборовите: “услуги во воздушниот сообраќај” се заменуваат со зборовите: “услуги на воздухопловна навигација”.

Член 51

Во членот 147 став (3) по зборот “продолжување” се додава зборот “обновување”.

Во ставот (4) по зборот “содржината” се додава зборот “евиденцијата”, а по зборот “издавање” сврзникот “и” се заменува со запирка, а по зборот “продолжување” се додаваат зборовите: “обновување и промена”.

Член 52

Во членот 148 ставот (3) се брише.

Член 53

Во членот 149 ставови (1) и (2) зборот “неделно” се заменува со зборовите: “во текот на седум последователни дена”.

По ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

“(6) Екипажот на воздухоплов треба задолжително да биде осигуран од последици на несреќен случај.”

Член 54

Во членот 150 став (1) на крајот на текстот точката се брише и се додаваат зборовите: “или уверение за стручна оспособеност”.

Член 55

Во членот 157 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Персоналот од ставот (1) на овој член треба да биде осигуран од последици на несреќен случај.

(3) Персоналот од ставот (1) на овој член е должен за секое загрозување на безбедноста, односно инцидент во врска со работите на дизајнирање, производство, одржување и поправки на воздухоплови и опрема, веднаш да ги извести овластените лица согласно со воспоставена процедура за известување на инциденти."

Член 56

По членот 157 се додава нова Глава 6, која гласи:

"6. ПЕРСОНАЛ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ, КОНТРОЛА И МОНИТОРИРАЊЕ НА ТЕХНИЧКИТЕ СРЕДСТВА, УРЕДИ И ОПРЕМА ЗА ДАВАЊЕ НА УСЛУГИ НА ВОЗДУХОПЛОВНА НАВИГАЦИЈА".

Член 57

Во членот 158 став (1) пред зборот "одржувањето" се додава зборот "поставување", а по зборот "одржувањето" се додаваат зборовите: "контрола и мониторирање".

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

"(2) Персоналот од ставот (1) на овој член треба да биде осигуран од последици на несреќен случај. Средствата за оваа намена ги обезбедува давателот на услуги на воздухопловна навигација.

(3) Персоналот од ставот (1) на овој член е должен за секое загрозување на безбедноста, односно инцидент во врска со работите на поставување, одржување, контрола и мониторирање на техничките средства, уредите и опремата веднаш да ги извести овластените лица согласно со воспоставена процедура за известување на инциденти."

Член 58

Во Главата 6 бројот "6" се заменува со бројот "7".

Член 59

Во членот 160 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Персоналот од ставот (1) на овој член треба да биде осигуран од последици на несреќен случај. Средствата за оваа намена ги обезбедува давателот на услуги на воздухопловна навигација."

Член 60

Во членот 162 зборовите: "го известат својот непосреден раководител" се заменуваат со зборовите: "ги известат овластените лица согласно со воспоставената процедура за известување на инциденти".

Член 61

Во членот 163 став (1) бројот "40" се заменува со бројот "32", бројот "462" се заменува со бројот "416", а зборот "неделно" се заменува со зборовите: "во текот на седум последователни дена".

Член 62

Во членот 167 став (2) зборот "Агенцијата" се заменува со зборовите: "Министерството за транспорт и врски".

Член 63

Во членот 180 зборовите: "услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација".

Член 64

Во членот 181 зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Министерството за транспорт и врски".

Член 65

Во членот 182 став (2) потточката в) се менува и гласи:

"в) задржува странски воздухоплов на аеродром и презема други мерки согласно со меѓународните договори кои ги ратификувала Република Македонија,".

Во ставовите (2) и (3) зборот "инспекторот" се заменува со зборот "Агенцијата".

Член 66

По членот 182 се додава нов член 182-а, кој гласи:

"Член 182-а

Инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка или кривична постапка, во случај на постоење на повреда на одредбите од овој закон."

Член 67

Во членот 186 став (2) по зборот "содржината" се додава зборот "евиденцијата".

Член 68

Насловот на Делот 10 се менува и гласи: "ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ", а зборот "прекршоци" се брише.

Член 69

Во членот 188 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност се изрекува за прекршок на правното лице, ако:".

Во точката 1 зборовите: "а не ги исполнува условите пропишани од Агенцијата" се заменуваат со зборовите: "спротивно на начинот и условите пропишани од Владата на Република Македонија".

Во точката 6 зборовите: "без предходно добиено одобрение од Агенцијата" се бришат.

Во точките 7, 8 и 9 зборовите: "а не ги исполнува" се заменуваат со зборовите: "спротивно на начинот и".

Во точката 12 зборовите: "Услугите во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "услуги на воздухопловна навигација", а во заградата по зборовите: "член 59" се додаваат зборовите: "ставови (5) и (6)".

Во точката 13 зборовите: "директорот на Агенцијата" се заменуваат со зборовите: "Министерството за транспорт и врски".

Во точката 16 по зборот "време" текстот до заградата се брише.

Во точката 19 зборовите: "што ги пропишала Агенцијата" се заменуваат со зборовите: "пропишани од Министерството за транспорт и врски".

Точката 25 се менува и гласи:

"25) сопствениците, односно корисниците на воздухопловните пристаништа, давателите на аеродромски услуги и авиопревозниците не изготват програма за безбедност во согласност со Националната програма за безбедност и не се придржуваат кон нормите содржани во истата;".

Во точката 28 бројот "2" се заменува со бројот "3".

Во точката 29 зборовите: "на условите пропишани од Владата на Република Македонија (член 121 став (1))" се заменуваат со зборовите: "на начинот и условите пропишани од Агенцијата (член 122 став (1))".

Во точката 31 броевите: "4 и 5" во заградата се заменуваат со броевите: "2 и 4".

Во ставот (2) зборовите: "парична казна од 10.000 до 50.000 денари" се заменуваат со зборовите: "глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност, а во случај да се казнува на самото место со глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност".

Член 70

Во членот 189 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност му се изрекува за прекршок на правното лице, ако:".

Точките 12, 13, 14 и 15 се бришат.

Во точката 16 која станува точка 12 бројот "4" се заменува со бројот "6".

Точките 17, 18 и 19 стануваат точки 13, 14 и 15.

Во точката 20 која станува точка 16 зборовите: "(член 54 став (1))" се заменуваат со зборовите: "(член 53 став (7))".

Во точките 20 и 21 кои стануваат точки 16 и 17 зборовите: "Услуги во воздушниот сообраќај" се заменуваат со зборовите: "Услуги на воздухопловна навигација".

По точката 21 која станува точка 17 се додава нова точка 18, која гласи:

"18) техничките средства, опремата, уредите и објектите за давање на услуги на воздухопловна навигација не ги заштити од оштетување или уништување, потоа не се придржува на начинот на нивно поставување, заштитување и одржување пропишан од Владата на Република Македонија и ако дефектот на тие средства, опрема и уреди не се објави веднаш на начин вообичаен во воздушниот сообраќај (член 59 ставови (3), (4) и (7));".

Точките 22, 23, 24 ,25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37 стануваат точки 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33 и 34.

Точката 38 се брише.

Точките 39 и 40 стануваат точки 35 и 36.

Во точката 41 која станува точка 37 бројот "179" се заменува со бројот "175".

Во ставовите (2) и (3) зборовите: "парична казна од 10.000 до 50.000 денари" се заменуваат со зборовите: "глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност, а во случај на изрекување санкција на самото место, со глоба во износ од 200 евра во денарска противвредност".

Член 71

Во членот 190 став (1) воведната реченица се менува и гласи: "Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:".

Во точката 4 зборовите: "или лета по воздушен пат определен за домашен воздушен сообраќај или надвор од воздушните патишта" се бришат.

Во точката 5 зборовите: "или врши аерофото снимање без посебно одобрение од Агенцијата" се бришат.

Точката 7 се брише.

Во точката 8 која станува точка 7 по зборовите: "Република Македонија" се додаваат зборовите: "правилата за начинот на вршење на работите поврзани со обезбедување од дејствија на незаконско постапување".

Во точката 9 која станува точка 8 зборовите: "Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборот "Агенцијата".

Точките 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19 стануваат точки 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17 и 18.

Точката 20 се брише.

Точката 21 станува точка 19.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) За прекршоците од ставот (1) на овој член глоба на физичкото лице може да се изрече и на самото место, во износ од 200 евра во денарска противвредност."

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: "мерка за безбедност забрана за вршење на должноста" се заменуваат со зборовите: "прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност".

Во ставот (3) кој станува став (4) бројот "1" се заменува со бројот "3", а зборовите: "три месеци до една година" се заменуваат со зборовите: "една до пет години сметајќи од денот на правосилноста на одлуката".

Член 72

Членот 191 се брише.

Член 73

Во членот 192 став (1) зборовите: "една година од денот на влегувањето во сила на овој закон" се заменуваат со зборовите: "две години од денот на влегувањето во сила на овој закон".

Член 74

Членот 193 се менува и гласи:

"(1) Со денот на влегувањето во сила на овој закон Управата за цивилна воздушна пловидба продолжува да работи како Агенција за цивилно воздухопловство.

(2) До отпочнувањето со работа на Давателот на услуги од членот 60 на Законот за воздухопловство работите поврзани со давањето на услугите на воздухопловната навигација ќе ги извршува Агенцијата.

(3) Давателот на услуги од членот 60 на Законот за воздухопловство ќе се основа најдоцна во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Основните средства, имотот, правата и обврските на Агенцијата и давателот на услуги од членот 60 на Законот за воздухопловство ќе се поделат согласно со делбен биланс, а дел од вработените од Агенцијата ќе ги преземе Давателот на услугите од членот 60 на Законот за воздухопловство, согласно со неговиот акт за организација и систематизација.

(5) Делбениот биланс од ставот (4) на овој член ќе го изготви Комисија формирана од Владата на Република Македонија составена од претставници на Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, Агенцијата за цивилно воздухопловство и Давателот на услуги од членот 60 на Законот за воздухопловство."

Член 75

Во членот 195 став (2) бројот "4" се заменува со бројот "3", а зборовите: "стекнувањето на полноправно членство на Република Македонија во Европската унија" се заменуваат со зборовите: "со влегувањето во сила на меѓународниот договор за воспоставување на Европска заедничка воздухопловна област".

Во членот 195 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

"(3) Одредбите од членот 11 став (5) на овој закон ќе се применуваат од денот на влегувањето во сила на меѓународниот договор за воспоставување на Европска заедничка воздухопловна област."

Член 76

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да се применуваат одредбите од членовите 97 до 106 од Главата V на Законот за превоз на опасни материи ("Службен лист на СФРЈ" број 27/90).

Член 77

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".